Врз основа на чл 27 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) основачите на **Фондацијата за балкански студии БСФ-ФОНД Скопје** (во понатамошниот текст: „Фондација“), на ден 05.09.2022 год. во Скопје, го донесоа следниот:

# С Т А Т У Т
## на Фондацијата за балкански студии - Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Фондацијата е основана врз основа на Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) и врз основа на Акт за основање на ден 01.09.2022 год.

**Член 2**

Фондацијата е независна, непрофитна и непартиска организација, која се основа на неопределено време.

**Член 3**

Фондацијата дејствува на територијата на Република Северна Македонија и може да соработува со сите други сродни организации, здруженија, фондации и институции во земјата и во странство, а нејзината работа се одвива во согласност со Уставот, законите на РСМ, како и одредбите на овој Статут.

**Член 4**

Фондацијата е правно лице чие својство го стекнува со денот на уписот во Регистарот на фондации кој се води во Централиот регистар на седиштето на Фондацијата.

## ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 5**

Името на Фондацијата гласи:
**Фондација за балкански студии БСФ-ФОНД Скопје**

Scanned with CamScanner

Скратено име на Фондацијата гласи:
Фондација БСФ - Скопје..

Преводот на името на фондацијата на англиски, албански и турски јазик гласи:

**Balkan Studies Foundation BSF-FOND Skopje**
**Fondacioni për Studime Ballkanike BSF-FOND Shkup**
**Balkan Çalışmaları Vakfı BSF-FOND Üsküp**

**Член 6**

Седиштето на Фондацијата е во Скопје, на ул. Македонско Косовска Бригада бр.32 1А

**Член 7**

Фондацијата има печат и штембил. Печатот на Фондацијата е со впишан текст на македонски, англиски, албански, и турски јазик кој гласи: Фондација за Балкански Студии БСФ-ФОНД Скопје, односно Балкан Студиес Фоундатион – Скопје, Фондациони пёр Студиме Ballkanike – Shkup, Balkan Çalışmaları Vakfı – Üsküp.

Штембилот на Фондацијата има правоаголна форма со следната содржина: Фондацијата за балкански студии - Скопје, односно
со место за деловен број, дата и седиште на Фондацијата.

Фондацијата има амблем.

Амблемот се усвојува од основачите на Фондацијата. Авторските права од употребата и користењето на амблемот припаѓаат исклучиво на Фондацијата.

**Член 8**

Во правниот промет, Фондацијата го употребува името запишано во надлежниот регистар.

## ЦЕЛИ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 9**

Основните цели на Фондацијата се:

- Преку реализирање активности во областа на едукацијата и издаваштвото во Северна Македонија и во земјите од Балканот придавајќи важност на

регионалниот развој, да се даде придонес во зајакнувањето на соживотот и зајакнувањето на општествената добрина.

- Реализирање активноси во областа на науката, едукацијата и издаваштвото за сите општествени групи и индивидуа коу живеат и живееле во Северна Македонија и во земјите од Балканот без разлика на религијата, јазикот, расата, бојата и родот.

- Реализирање активности преку формирање на центри за истражување и едукација во врска со балканските студии.

- Основање институт и универзите во областа на балканскте студии.

- Реализирање активности во областа на издаваштвото вклучувајќи и основањето на издавачка куќа, во областа на балканските студии и во други области.

- Реализирање и објавување на истражни проекти, конгреси, симпозиуми, работилници, извештаи под името „Балкански студии" за народите, заедниците, индивидуата, државите, економските структури и општествени групи кои се наоѓаат во Северна Македонија и во балканскиот регион.

- Произведување и објавување на содржини за било какви аудиовизуелни и пишани интернет страници и социјални платформи кои ќе даваат поддршка за Балканските студии.

- Преку соработување со лица и организации кои ќе дадат придонес во областа на балканските студии во земјата и во страство, реализирање на активности во областа на издаваштвото-објавата и во областа на масовната комуникација (издавање весници и списанија) на национално и меѓународно ниво како и издавање на било какви периодични објави како весници, книги, билтени, сипсанија, реализирање на театарски претстави и филмови на англиски, македонски, албански, турски јазик и други јазици. На интернет платформата да се објават аудиовизуелни и пишани содржини, вршење дејност како интернет страница за вести или истражување, давање помош во оваа насока, плаќање на авторски права во оваа област, и реализирање соработка со приватни и државни институции кои вршат слични дејности во земјата и во странство, во рамки на интересите и целите на Фондацијата,

- Поддржување со парична помош и помош во натура на истражувачите кои вршат истражувања во областа на Балканските студии,

- Основање на комплементарни и развојни центри за обука со цел поддржување на работите и истражувањата на студентите кои студираат во областа на Балканските студии и во други области, реализирање на научни, социјални и

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8
ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8
Scanned with CamScanner

културолошки екскурзии, семинари и конференции, и обезбедување на било каква парична помош и помош во натура за лицата кои вршат работа во овие области.

- Реализирање активности во земјата и во странство на организиран начин со граѓаните на Северна Македонија во маргините на законските рамки, законите, и Уставот на Северна Македонија, вклучувајќи ги и институциите на системот.
  со цел да се даде придонес во образовниот систем на Северна Македонија. Во оваа насока, да се отворат приватни училишта на ниво на основно, средно и високо образование, било какви образовни објекти, институции кои ќе реализираат научни и истражувачки активности и случни едукативни институции.

- Давање придонес во спроведување на најмодерни и најнапредни образовни системи во Северна Македонија и давање придонес во развојот на корисни граѓани за општеството кои ја сакаат својата татковина,

- Давање награди за лица кои вршат активности во областа на Балканските студии,

- Реализирање на развојни едукативни активности за семејства, млади и деца, подготвување и произведување на аудиовизуелни и пишани содржини и објави на интернет платформата и на социјалните мрежи со цел семејствата, децата и младите на здрав начин да го одржуваат нивниот физички и психички развој преку следење на новитетите во областа на образованието, организирање симпозиуми, когнреси и работилници преку реализирање на работи и истражувања во темите поврзани со семејството, младите и децата, реализирање соработка со приватни и државни институции во оваа насока и организирање на заеднички програми.

Фондацијата ги реализира следните активности за своите цели и мисии:

- Реализирање на одредени програмски активности,
- реализирање заеднички проекти со своите членки,
- основање институти, како и центри за истражување, образование, едукација, наука и култура,
- реализирање конгреси, симпозиуми, конференции, семинари, како и видео презентации и изложби, и обезбедување на патните трошоци и трошоците за патување на лицата кои ќе ги искористат програмите на фондацијата,
- реализирање на издавачки и промотиви активности,
- давање награди во областа на науката, образованиети, уметноста и литературата,
- преземање иницијативи во надлежни институции и организации со цел реализирање на целите на фондацијата,

Scanned with CamScanner

- информирање на народот во врска со активностите на Фондацијата,
- реализирање други активности за организирање и финансирање на активностите на ФОндацијата во рамки на овој Статут, и законите и уставот на Северна Македонија. Фондацијата може да се вклучува во другите граѓански организации со кои има врски.

## ДЕЈНОСТИ ПРЕКУ КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

**Член 10**

Фондацијата за остварување на своите цели ги обавува следните дејности утврдени во Националната класификација на дејностите („Службен весник на РМ“ бр. 147/08) и тоа:

- 94.99 – Дејности на останати организации врз база на зачленување неспомнати на друго место, која ќе биде главна дејност
- - 85.59 – Друго образование неспоманто на друго место

## ИМОТНА МАСА НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 11**

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 12**

Внатрешната организација на Фондацијата е поделена на:

- Основачи и
- Органи на Фондацијата.

**Член 13**

Основачи на фондацијата се:

1. Севба Абдула од Скопје ул.Македонски Кралеви бр.6А, со ембг.1711984450106.
2. Бујамин Беља од Скопје ул.Пелагонија бр.9А, со ембг.0807986450050.
3. Фуркан Абдула од Скопје ул.Архиепископ Доситеј бр.3/2-4, со ембг.1301992450006.
4. Метин Џелил од Скопје ул.Јајце бр.47, со ембг.0403980450071

Scanned with CamScanner

## Член 14

Основачите на Фондацијата своите права по однос на донесување на одлуки од интерес за Фондацијата ги остваруваат заеднички, но во случај на фактичка спреченост или неможнот, истите може да ги остварува и преостанатите основачи самостојно.

Основачките права на основачите на Фондацијата не се преносливи на нивните правни наследници.

Донаторите на Фондацијата со дадената донација не стекнуваат право на основач на Фондацијата.

## Член 15

Основачите се единствено надлежни за донесување и измени на Актот за основање и Статутот на Фондацијата.

Основачите ги избираат и разрешуваат членовите на Управниот одбор.

Основачите го утврдуваат и изменуваат мандатот и овластувањата на членовите на Управниот одбор.

## Член 16

Основачите се надлежни за:

- донесување, измени, дополнување и толкување на Актот за основање и Статутот,
- избор и именување и разрешување на органите на Фондацијата (Управниот одбор и Директорот),
- контрола врз законитоста на работењето на Фондацијата,
- контрола и анализа во остварувањето на финансиските планови,
- предлагање на мерки за спречување и отстранување на неправилности во работењето,
- врши и други работи во доменот на контролата;
- донесуваат одлука за престанок со работа на Фондацијата,
- донесуваат одлуки за стаусни измени на Фондацијата,
- усвојување на извештаите од работењето на Управниот одбор и Директорот и
- донесување на одлуки во доменот на тековното работење на Фондацијата.
- Донесуваат одлука за основање на друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва заради остварување на целите, интересите, активностите и финансирањето на функциите утврдени со Статутот на Фондацијата,
- Изборот и разрешувањето на членовите на Упранвиот одбор,
- Утврдување и менување на мандатот на овласутвањата на Управниот одбот и неговите членови,
- Го усвојуваат или одбиваат извештајот за работењето на органите на Фондацијата,
- Одчулуваат за сите останати прашања од интерес за работењето на Фондацијата.

## Член 17

Scanned with CamScanner

Органи на Фондацијата се: - Управен Одбор
- Совет
- Генерален Директор–лице овластено за застапување на Фондацијата-застапник по закон.

**Управен одбор**

**Член 18**

Управниот одбор го сочинуваат седум члена од кои еден истовремено е Претседател на Управниот одбор, со мандат од 4 (четири) години, со право на реизбор. Претседателот на Управниот одбор има својство на одговорно лице.

**Член 19**

Управниот одбор е надлежен да ги врши следните работи:

- ги подготвува предлог-статутот и другите одлуки што треба да ги донесат основачите на Фондацијата,
- дава предлог за избор и разрешување на членови на органите на Фондацијата,
- дава предлог за именување и разрешување на Директор на фондацијата,
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на основачите на Фондацијата,
- управува и одговара за управувањето со имотот и средствата на Фондацијата;
- одлучува за постапката и начинот на користење на средствата на Фондацијата, како и за корисниците на средствата;
- подготвува и усвојува годишен и периодичен извештај за својата работа и истиот го објавува на веб страната на Фондацијата,
- дава предлог за статусни измени на Фондацијата,
- дава мислење за внатрешната организација на фондацијата и организационите форми,
- донесува одлука за формирање и расформирање на привремени тела на Фондацијата и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на Фондацијата.
- Основа истражни центри, ги усвојува неговите регулативи и назначува директор.

**Член 20**

Управниот одбор работи и одлучува на седници. Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку два пати годишно. Своите одлуки Управниот одбор ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Членовите на Управниот одбор може да примат паричен надоместок соодветен на нивните задолженија, по претходно донесена одлука од основачите на Фондацијата.

**Член 21**

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот.

**Член 22**

Управниот одбор на Фондацијата за својата работа е одговорен пред основачите на Фондацијата.

Основачите може да го разрешат целиот Управен одбор или поедини членови и пред истекот на мандатот, доколку оценат дека истите не ја вршат својата должност во согласност со одредбите на овој Статут, односно со одлуките на основачите или пак членовите на управниот одбор можат да бидат разрешени по нивно барање, доколку настапат околности поради кои членот на управниот одбор, не е во можност да ја извршува својата функција.

Членовите на Управниот одбор одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Фондацијата, за злоупотреба на средствата на Фондацијата, за постигнување на цели што за нив како за поединци се забранети или за злоупотреба на Фондацијата како правно лице за да им нанесе штета на своите доверители.

Членовите на Управниот одбор се одговорни солидарно за штетата што Фондацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана од грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

**Совет на фондацијата**

**Член 23**

a. Советот на фондацијата има својство на консултативен одбор и одржува состанок најмалку еднаш годишно,
b. Членовите на Советот се избираат од страна на основачите на Фондацијата, кои исто така може и да разрешат членови,
c. Советот на фондацијата може да се состои од најмногу 40 члена,
d. Советот на фондацијата го спроведува стратешкото планирање на фондацијата,
e. Членовите кои се избираат за Советот, може да се избираат и за Управниот одбор,
f. Извештаите во врска со активностите како и финансиските извештаи подготвени одс трана на Управниот одбор на фондацијата, се разгледаат во Советот и се даваат мислења до основачите на фондацијата.

**Член 24**

За остварувањето на целите на Фондацијата, Управниот одбор може да формира повремени работни тела.

Управниот одбор одлучува за потребата од работно ангажирање на работници, како и за престанокот на нивниот ангажман во Фондацијата.

**Генерален директор на Фондација**

**Член 25**

Директорот ја претставува и застапува, односно истиот раководи со Фондацијата.

Директорот ги свикува и претседава со седниците на Управниот одбор на Фондацијата.

Потписник е на актите што ги донесува управниот одбор, како и финансиските документи на Фондацијата.

Врши и други работи утврдени со овој Статут и другите општи акти на Фондацијата.

За своето работење Директорот е одговорен пред основачите на Фондацијата.

Мандатот на Директорот е 4 (четири) години со право на повторен избор.

Директорот е одговорен за законското застапување на Фондацијата во правниот промет со трети лица и истата ја застапува без ограничувања.

Одговорен е за функционирањето, координацијата на истражните центри како и следење на нивните активности.

## НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

**Член 26**

Фондацијата своите материјално - финансиски средства за извршување на програмските цели и задачи и активности ги обезбедува преку:

1. Доброволни прилози,
2. Приходите од дејностите кои ги врши Фондацијата,
3. Спонзорства и подароци од трети лица, ако не се проследени со услови, кои противречат на Статутот на Фондацијата,
4. Закупнини,
5. Донации од домашни и странски донатори и
6. Други со закон дозволени средства.

**Член 27**

Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата и имотот на Фондацијата се врши на начин утврден со позитивните прописи, со Законот и со овој Статут.

Фондацијата за своите обврски одговара со целиот свој имот и средства.

**Член 28**

Овластени потписници на жиро сметките со право на поединечно потпишување, без ограничување се Директорот и останатите членови на управниот одбор на Фондацијата.

**Член 29**

Scanned with CamScanner

Средствата на Фондацијата можат да се користат само за намени утврдени со финансискиот план донесен од Управниот одбор, а одобрен од страна на основачите на Фондацијата.

## НАЧИН ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИ, ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ

### Член 30

Управниот одбор на Фондацијата е надлежен за изготвување, донесување и усвојување на годишните деловни, финансиски и други извештаи потребни со цел за законито работење на Фондацијата.

Деловните, финасиските и др. извештаи задолжително се изготвуваат на крајот на секоја тековна година, а по потреба или на барање на двајца од основачите истите може да бидат изготвени и за одреден период во текот на годината.

Управниот одбор е надлежен и за доставување на овие извештаи кои се пропишано со закон до надлежните државни органи, а во случај на користење на буџетски средства од буџетот на РМ или единиците на локалната самоуправа и Град Скопје, истиот е должен донесените и спроведени извештаи да ги достави и до овие органи.

### Член 31

Извештаите од чл. 30, Управниот одбор е должен да ги објави најдоцна до 30 април за претходната година.

## НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 32

Работата на Фондацијата е јавна.

Јавност во работата се обезбедува со:

- запознавање и известување на јавноста преку средствата за јавно информирање;
- организирање на конференции за печат и сл.;
- повикување на претставници на средствата за информирање на седници на органите на Фондацијата, каде се расправа за прашања битни за јавноста и сл.
- проследување на сите информации од работењето на Фондацијата, вклучително и годишните извештаи за работењето на нејзината ВЕБ страна.

Scanned with CamScanner

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 33**

Измени, дополнувања и толкувања на овој Статут, со консензус донесуваат основачите на Фондацијата, по писмен предлог од страна на Управниот одбор.

**Член 34**

Измените и дополнувањата стапуваат на сила по донесувањето на одлуката од страна на основачите, а ќе се применуваат по уписот во регистарот.

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ИЗМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 35**

Основачите на Фондацијата на предлог на Управниот одбор, донесуваат одлука за статусни измени на Фондацијата, односно за нејзино присоединување, спојување или поделба. Одлуката за статусните измени се донесува едногласно.

**Член 36**

Фондацијата престанува со работа со едногласна одлука на основачите, донесена по нивна оценка, како и во случај доколку настанат причините предвидени во чл. 63 и 65 од Законот.

## ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТАВАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 37**

Во случај на престанок на Фондацијата, преостанатиот имот и средства на Фондацијата се враќаат на основачите, а доколку истите не сакаат да ги примат,

Scanned with CamScanner

ликвидаторот има право овие средства да ги пренесе во сопственост на друга организација која работи во областа на културата и образованието во Р. Македонија.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од денот на добивање на Решение од Централниот регистар на РМ.

**Основачи:**

1. Севба Абдула
2. Бујамин Бела
3. Фуркан Абдула
4. Метин Џелил

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

Scanned with CamScanner